Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 август 2023 година

Скопје, август 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 август 2023 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска – Мадиќ, заменик на министерот за правда, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и нотар Анета Петровска - Алексова.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Пред преминување на Дневен ред**

    - Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија

      - Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2023-28.7.2023 година

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање и проектот-Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места

2. Одлука за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво Медиумска информативна агенција, во државна сопственост, Скопје, со Коригиран финансиски план за 2023 година и Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Национална установа Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ – Струга)

4. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија

5. Предлог на закон за ратификација на Шестиот дополнителен протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа

6. Предлог на закон за ратификација на изменетата Спогодба за јавни набавки (2012) со Одлуката од Комитетот за јавни набавки на Светска трговска организација за пристапување на Република Северна Македонија кон изменетата Спогодба за јавни набавки (2012)

7. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/891 на Советот од 28 април 2023 година за рестриктивни мерки во однос на дејствијата за дестабилизирање на Република Молдавија и Регулативата (ЕУ) 2023/888 на Советот од 28 април 2023 година за рестриктивни мерки во однос на дејствијата за дестабилизирање на состојбата во Република Молдавија

8. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (таблети)

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година

10. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле", Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје во академската 2023/2024 година

11. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле", Охрид во академската 2023/2024 година

12. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа „Центар за јавно здравје", Битола

13. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на ЈУ Центар за традиционална кинеска медицина - Штип

14. Информација за клучни достигнувања, предизвици и заложби во спроведувањето на Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030 година

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

16. Статут за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје

17. Годишна програма за работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година, Извештај за реализирани активности на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2022 година и Финансиски извештај на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2022 година

18. Кадровски прашања

19. Прашања и предлози

20. Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2022 година

21. Барање за давање автентично толкување на членот 23 ставови (5), (6) и (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), поднесено од пратеникот Мартин Костовски

22. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

23. Информација за потребата од основање нова Национална установа Манифестација „Денови на Смилевскиот конгрес“ – Смилево, Демир Хисар, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.277 Воденешница, бр.104 Габровска Река и бр.349 Блатечка Река

25. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во Меѓународниот центар за донации во рамките на стратегиската група за поддршка на Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија

26. Барање за давање на автентично толкување на членот 9 став (1), точка 7-а) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/19, 275/19, 290/20 и 151/21), поднесено од пратеникот Јован Митрески

27. Предлог-одлука за основање на Национална установа Центар за култура „Десет дена Крушевска Република“ - Крушево

28. Информација за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на НОМАГАС АД Скопје заради пренос на акции на Министерството за економија, со Предлог – одлука

29. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 20 јули 2023 година до 26 јули 2023 година

30. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Saber Junction 23“ во Сојузна Република Германија

31. Информација за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери НОМАГАС АД Скопје заради избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи, со Предлог – одлука

32. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Националната установа Центар за култура „Иљо Антески - Смок“ – Тетово и Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Делегацијата на Европска Унија-Скопје

33. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година

34. Предлог-одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

35. Информација за давање на согласност на Предлог-текстот на договор за закуп на државно земјиште, во ТИРЗ Тетово, со Предлог-одлука

36. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година

37. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

38. Информација за формирање на Национален комитет за спроведување на Националниот план за управување со пожарите на отворен простор согласно Законот за шумите

39. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година

40. Предлог за отповикување на Игор Џундев од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија и шеф на Постојаната мисија на Република Северна Македонија при меѓународните организации, со седиште во Виена

*

*    *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

- Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2023-28.7.2023 година

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2023-28.7.2023 година, како материјал за информирање.

По овој повод, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, ги информираше членовите на Владата дека степенот на реализација на капиталните расходи, изнесува над 52%, заклучно со 28.7.2023 година.

Истовремено, Влада ги задолжи буџетските корисници да ги интензивираат активностите насочени кон реализација на капитални расходи.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво Медиумска информативна агенција, во државна сопственост, Скопје, со Коригиран финансиски план за 2023 година и Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да ги усогласи истите со Министерството за финансии и согласно тоа да се достави до Владата нова одлука на Управниот одбор на Друштвото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Национална установа Манифестација „Струшки вечери на поезијата" – Струга).

## Точка 4

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, доколку Министерството за транспорт и врски достави позитивно мислење и Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи достави ново позитивно произнесување.

## Точка 5

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Шестиот дополнителен Протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, Катерина Старевска, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 6

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на изменетата Спогодба за јавни набавки (2012) со Одлуката од Комитетот за јавни набавки на Светска трговска организација за пристапување на Република Северна Македонија кон изменетата Спогодба за јавни набавки (2012), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/891 на Советот од 28 април 2023 година за рестриктивни мерки во однос на дејствијата за дестабилизирање на Република Молдавија и Регулативата (ЕУ) 2023/888 на Советот од 28 април 2023 година за рестриктивни мерки во однос на дејствијата за дестабилизирање на состојбата во Република Молдавија.

**Точка 8**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на предлог-одлуките за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (таблети), за наредната седница на Владата.

**Точка 9**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2023/2024 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид во академската 2023/2024 година.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа „Центар за јавно здравје“, Битола.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на ЈУ Центар за традиционална кинеска медицина - Штип.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за клучни достигнувања, предизвици и заложби во спроведувањето на Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство, целосно да ги имплементираат планираните активности во согласност со одобрениот буџет за Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година и најдоцна до 5 септември 2023 година, да ја информираат Владата за текот и реализацијата на активностите, а до 15 декември 2023 година, за постигнатите резултати од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 -2030 година.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа во рамките на стратешките планови и подготовки на буџетот за наредната фискална 2024 година, да ја разгледаат можноста за зголемување на буџетот за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2020-2030 година и најдоцна до август 2023 година да ја информираат Владата.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги разгледа можностите за зајакнување на капацитетите и унапредување на институционалната структура во рамките на Министерството со формирање на сектор, кој што ќе биде задолжен за планирање и спроведување на проекти, координација, евалуација и мониторинг на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година и најдоцна до декември 2023 година да ја информира Владата.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за здравственото осигурување, се утврдува учество на осигурените лица, конкретно плаќање на учество на осигурените лица од лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови, најмногу до 20% од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга односно лековите (партиципација).

Во член 34 од Законот е предвидено ослободување од учество и во истиот член таксативно се наброени категориите лица кои се ослободени од плаќање на учество по разни основи, но законодавецот не утврдил ослободување од учество по основ на дијагноза, односно по основ на болест.

Ослободување од учество по основ на дијагноза, односно по основ на болест се предвидува во годишните програми што ги носи Владата на Република Северна Македонија, а по предлог на Министерството за здравство. Таква програма е Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија. Оваа програма Владата на Република Северна Македонија ја носи секоја календарска година. Во точка 2 од Програмата е утврдено дека лицата кои се здравствено осигурани, без оглед на возраста, доколку не се опфатени со друга програма, им се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствена заштита во врска со лекувањето на повеќе заболувања, а меѓу тие заболувања е наведена и цистичната фиброза.

Оттука, а во врска со доставениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, се укажува дека во овој момент лицата болни од цистична фиброза имаат право на ослободување од партиципација по основ на горенаведената програма.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, особено што со самата предлог одредба не е јасно кои лица се хронично болни од најтежок облик на заболување од цистична фиброза, а кои не се, кои се критериумите за оваа поделба на лицата кои се заболени од цистична фиброза, а особено што со ваквото законско решение би се предизвикала поделба/дискриминација како меѓу самите лица болни од конкретното заболување така и меѓу сите останати лица кои се заболени од многу други болести. Во тој случај, во Законот би требало таксативно да се наведат сите болести, односно дијагнози, како законски основ за ослободување од партиципација.

## Точка 16

Владата го разгледа Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Насловот на предметниот материјал треба соодветно да се преформулира и да гласи: „Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје“.

Членовите 3, 4, 5, 6 и 7 од Статутарната одлука се бришат и стануваат член 4.
„Во целокупниот текст на Статутарната одлука зборовите „Република Македонија“, се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.“

Членот 9 од Статутарната одлука станува член 2.

Членот 2 од Статутарната одлука станува член 3.

Членот 8 од Статутарната одлука се брише со оглед на тоа што во ставот 1 од член 78 се испишани целосните називи на Универзитетот, па следствено на тоа и нивните кратенки треба да бидат испишани.

Членот 10 од Статутарната одлука се брише.

Членот 11 треба да се преформулира во смисла дека оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето во електронското издание на „Универзитетски гласник“ на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

Членот 11 станува член 5.

Текстот на Статутарната одлука има потреба од редакциско подобрување.

**Точка 17**

Владата ги разгледа Годишната програма за работата на Републичкиот совет за безбеденост на сообраќајот на патиштата за 2023 година, Извештајот за реализирани активности на Републичкиот совет за безбеденост на сообраќајот на патиштата за 2022 година и Финансискиот извештај на Републичкиот совет за безбеденост на сообраќајот на патиштата за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 374, став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата до Собранието на Република Северна Македонија доставува финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма за работа.

Во однос на Извештајот за финансиското работење, за текот на минатата година остварени се вкупно приходи во износ од 28.490.021 денари и вкупни расходи од 21.317.064 денари, односно остварена е добивка од 7.172.957 денари.

Владата смета дека доставениот извештај потребно е да се дополни со споредбен приказ на планираните и остварените приходи и расходи во 2022 година, споредбен приказ на остварени приходи и расходи во 2022 година со оние од 2021 година, како и приложување на соодветно образложение за разликите и отстапувањата.

Исто така, Владата смета Годишната програма за работа за 2023 година да се дополни со соодветен Финансиски план.

**Точка 18**

1. Владата ја разреши Радмила Нејкоска од должноста вршител на должноста директор на КПУ Затвор - Охрид, на нејзино барање.

2. Владата го именува Ристе Недески за вршител на должноста директор на КПУ Затвор - Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Бојан Лазаревски за вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

По однос на овој предлог, Славјанка Петровска, министер за одбрана гласаше против.

4. Владата од должноста претседател и членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, ги разреши:

а) од претседател:
- Иван Чешларов, на негово барање

б) од членови, поради истек на мандатот:
-Наташа Мојсовски,
-Андриана Липтова и
-Горан Цветковиќ.

4.1 Владата за членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, ги именува:

а) за претседател:
-Игор Аневски, по предлог на директорот од Управата за јавни приходи

б) за членови:
- Александра Герос, по предлог на директорот од Управата за јавни приходи
-Петар Петковски, по предлог на директорот од Управата за јавни приходи и
-Слободан Трајковски, филмски продуцент од Република Северна Македонија, по предлог на министерот за култура.

5. Владата ја разреши Вероника Кокоромановска од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија – Скопје, поради истек на мандатот.

5.1 Владата ја именува Вероника Кокоромановска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија – Скопје.

6. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Државниот испитен центар, поради истек на мандатот ги разреши:

- Билјана Михајловска и
- Трајанка Аврамовска.

6.1 Владата за членови на Управниот одбор на Државниот испитен центар, претставници од редот на вработените во Центарот ги именува:

-Биљана Михајловска и
-Кирил Ќамилов.

7. Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 август 2023 година, заклучи да му предложи на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп да го отповика Ристе Ташев од должноста извршен член на Одборот на директори и за извршен член на Одборот на директори да го избере Горан Тодоров.

**Точка 19**

**1.** Владата по повод укажувањето на Благој Бочварски, министер за транспорт и врски ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии – Царинска управа, Јавното претпријатие за државни патишта, да формираат работна група, која во рок од 15 дена ќе изврши усогласување на Законот за Царинската управа, во однос на надлежноста за одржување, реконструкција, рехабилитација и изградба на државните патишта во граничните појаси на граничните премини.

**2.** Владата го одложи од разгледување Барањето на Здружението на директорите од ученичките и студентските домови во Република Северна Македонија, за подобрување на финансиската состојба во истите, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, откако Министерството за финансии и Министерството за образование и наука достават мислења по Барањето.

**3.** Владата ја задолжи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и Комисијата за спроведување на постапката за Јавно наддавање на земјиште во Туристичка развојна зона „Сарај – Езеро Треска", на месечно ниво да ја информираат Владата за динамиката на постапката, проектот и процедурите кои се преземаат во врска со ова прашање.

**4.** Владата заклучи да се изменат заклучоците 2, 3, 4 и 5 донесени на 171-та седница на Владата, одржана на 18 јули 2023 година, т.44 Прашања и предлози, по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката – Илинден 2023 и да гласат:

„2. Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на 2 Август Ден на Републиката, во Скопје ќе ја предводи и ќе се обрати д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во состав на Делегацијата за положување цвеќе на Споменикот „Сила, слава и победа" на Тврдината Кале, да бидат:

- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,

- Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и
- Славјанка Петровска, министер за одбрана.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија за положување цвеќе на Споменикот на Првото заседание на АСНОМ, парк Жена борец, Споменикот на Никола Карев, пред Собранието на Република Северна Македонија и Споменикот на Методија Андонов - Ченто, на плоштад „Македонија", во Скопје, да бидат:

- д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи,
- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и
- Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

3. Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката , во Крушево, ќе ја предводи и ќе се обрати м-р Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на 2 Август Ден на Републиката, во Крушево, да бидат:

- Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и
- д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука.

4. Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката, во Пелинце, ќе ја предводи и ќе се обрати д-р Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на 2 Август Ден на Републиката, во Пелинце, да бидат:

- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,
- Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и
- д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

5. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на 2 Август Ден на Републиката, во Смилево, Демир Хисар да бидат:

- Филип Николовски, заменик на министерот за финансии и
- м-р Роберт Алаѓозовски, национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка.".

**5.** Владата го разгледа Барањето од Министерство за финансии за изменување на Заклучок од 166-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11.7.2023 година, го прифати Барањето и заклучи да се избрише заклучокот под т. 1 од Извадокот донесен по точка 113 - Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка.

## Точка 20

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 21

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на членот 23 ставови (5), (6) и (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), поднесено од пратеникот Мартин Костовски и притоа го утврди следното мислење:

Имајќи ги предвид материјалните одредби од член 23 ставови (5), (6) и (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), со кои е уредена постапката за суспендирање на урбанистички план, односно урбанистички план од член 10 став (1), точки 1, 2, 3, 4 и 5, Владата на Република Северна Македонија, смета дека може да се даде автентично толкување во насока на појаснување на постапката за суспензија на урбанистичките планови за предмети кои се наоѓаат во различна фаза од постапката, согласно Законот за градење пред донесување на одлуката за суспензија.

## Точка 22

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање нова Национална установа Манифестација „Денови на Смилевскиот конгрес“ – Смилево, Демир Хисар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за основање на Национална установа Манифестација „Денови на Смилевскиот конгрес“ – Смилево, Демир Хисар.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.277 Воденешница, бр.104 Габровска Река и бр.349 Блатечка Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.123 Крива Река на концесионерот ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ до 5 јули 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа и за истото да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 123 Крива Река.

3. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ Тетово да достави анекс на гаранцијата за изведба, со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.123 Крива Река ќе се продолжи, најмалку до 5 август 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 14 септември 2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите и да отпочне со комерцијална работа.

5. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје да достави анекс на гаранцијата за изведба, со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.407 Пена ќе се продолжи, најмалку до 14 октомври 2023 година.

6. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 30 јули 2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите и да отпочне со комерцијална работа.

7. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје да достави анекс на гаранцијата за изведба, со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр. 277 Воденешница ќе се продолжи, најмалку до 30 август 2023 година.

8. Се одобрува продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 12 август 2023 година.

9.Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

10. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да достави анекс на гаранцијата за изведба, со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи, најмалку до 12 септември 2023 година.

11. Се одобрува продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани до 4 септември 2023 година.

12. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка Река.

13. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани да достави анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба, за локацијата бр. 349 Блатечка Река ќе се продолжи, најмалку до 4 октомври 2023 година.

14. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да постапи согласно закон во однос на непостапувањето од страна на општините Тетово и Виница.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во Меѓународниот центар за донации во рамките на стратегиската група за поддршка на Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија.

## Точка 26

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 9 став (1), точка 7-а) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/19, 275/19, 290/20 и 151/21), поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следното мислење:

Врз основа на член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, пратеникот Јован Митрески поднел барање Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на членот 9 став (1) точка 7-а) од Законот за данокот на добивка.

Барањето за давање на автентично толкување на споменатиот член од Законот за данокот на добивка, подносителот го поднел од причина што во пракса постоело различно толкување на наведените законски одредби по однос на прашањето дали загубите на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа кои се утврдени согласно Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) и Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/19, 103/19, 161/20 и 143/21) се сметаат за непризнаени расходи за даночни цели.

Согласно одредбите од членовите 7 и 8 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/19, 275/19, 290/20 и 151/21) основата за пресметување на данокот од добивка е добивката која се утврдува во даночниот биланс. Основата за пресметување на данокот од добивка се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди.

Истата се зголемува за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели.

Како непризнаени расходи за даночни цели, а согласно членот 9 став (1) точка 1) од Законот за данокот на добивка се сметаат расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност, а согласно точка 7-а) од наведениот член се сметаат кусоците кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице.

Работењето на операторот на електродистрибутивниот систем е уредено со прописите од областа на енергетиката, како што е Законот за енергетика.

Во членот 93, став (3), точка 10) од овој закон е пропишано дека операторот на електродистрибутивниот систем е должен да набави системски услуги и електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин во согласност со правилата за набавка на електрична енергија.

Исто така, во ставот (8) од истиот член е уредено дека операторот на електродистрибутивниот систем е должен да изготви и да ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика правилата за набавка на електрична енергија од ставот (3) точка 10) од споменатиот член.

Во членот 2 став (1) точка 9) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазар на електрична енергија е пропишано дека регулирањето на тарифите има за цел да обезбеди надоместување на трошоците за набавка на енергија за покривање на загубите во соодветниот енергетски систем, имајќи ги предвид плановите и динамиката за намалување на загубите што операторите на системите ги доставуваат на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

Дополнително, во членот 11 од наведениот Правилник е пропишано и дека Регулаторната комисија за енергетика го утврдува трошокот за набавка на електрична енергија за покривање на дозволените загуби во дистрибутивната мрежа преку одобрување на соодветна количина на електрична енергија изразена во киловат часови, набавена по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, согласно правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивниот систем одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.

Количините на електрична енергија за покривање на дозволените загуби на електрична енергија во дистрибутивната мрежа се признаваат во процент утврден со планот за намалување на загубите на електрична енергија во дистрибутивната мрежа, одобрен од Регулаторната комисија за енергетика.

Од анализата на одредбите од членот 9 став (1) од Законот за данокот на добивка, од аспект па тоа дали истите даваат јасен и конкретен одговор на прашањето за даночниот третман на загубите на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа, се утврди дека е потребно да се даде автентично толкување на одредбите од членот 9 став (1) точка 7-а) во корелација со членот 9 став (1) точка 1) од Законот. Поконкретно, утврдувањето на даночниот третман на загубите во електричната енергија во дистрибутивната мрежа треба да се разгледува од аспект на тоа дали истите се поврзани со вршење на дејноста на субјектот, односно дали се непосреден услов за извршувањето на таа дејност и дали се последица од вршењето на таа дејност.

Оттука, а притоа имајќи предвид дека загубите на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа кои настануваат во секојдневното работење и кои се утврдени/нормирани од страна операторот на електродистрибутивниот систем и одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, се поврзанн со дејноста која ја врши операторот на електродистрибутивниот систем, од даночен аспект, се смета дека треба да имаат третман на признати расходи.

Дополнително, а со оглед на тоа што загубите на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа се вклучени во цената на електричната енергија, истите претставуваат дел од даночната основа за пресметување на данокот на добивка и тоа преку остварените приходи од продажбата на електричната енергија.

Врз основа на горе наведеното, се смета дека загубите на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа кои се утврдени согласно Законот за енергетика и Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазар на електрична енергија, од страна на операторот на електродистрибутивниот систем и се одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, не се сметаат за непризнаени расходи за целите на данокот на добивка.

Тргнувајќи од тоа, дека законската одредба за која се бара автентично толкување и одредбата од точката 1) ставот (1) од членот 9 треба да бидат разгледувани во корелација, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го прифати Барањето за давање на автентично толкување на членот 9 став (1) точка 7-а) во врска со членот 9 став (1) точка 1) од Законот за данокот на добивка и да даде автентично толкување.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за основање на Национална установа Центар за култура „Десет дена Крушевска Република“ - Крушево.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на НОМАГАС АД Скопје заради пренос на акции на Министерството за економија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пренос на акции од сопственост на Владата на Република Северна Македонија во сопственост на Министерството за економија, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 29**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 20 јули 2023 година до 26 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Saber Junction 23" во Сојузна Република Германија.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери НОМАГАС АД Скопје заради избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи за 2022 и 2023 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 32**

Владата ги разгледа Предлог - одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Националната установа Центар за култура „Ињо Антески - Смок" – Тетово и Предлог – одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Делегацијата на Европска Унија - Скопје и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Националната установа Центар за култура „Ињо Антески - Смок" - Тетово.

2. Предлог–одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Делегацијата на Европска Унија - Скопје да се разгледа на наредната седница на Владата, откако претходно донесената одлука ќе се реализира во Агенцијата за катастар на недвижности.

Точка 33

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година и ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 34

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Предлог – текстот на договор за закуп на државно земјиште, во ТИРЗ Тетово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката, доколку Секретаријатот за законодавство и Министерството за економија, достават позитивно мислење по материјалот.

Точка 36

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година.

Точка 37

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата во врска формирање на Национален комитет за спроведување на Националниот план за управување со пожарите на отворен простор согласно Законот за шумите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 90 дена да подготви предлог на закон за изменување на Законот за шумите.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи, до реализација на заклучокот бр. 1 од оваа информација да продолжи со управувањето на пожарите на отворен простор согласно одредбите од Законот за управување со кризи.

**Точка 39**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлогот за отповикување на Игор Цундев од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија и шеф на Постојаната мисија на Република Северна Македонија при меѓународните организации, со седиште во Виена, го прифати Предлогот за отповикување и заклучи, согласно член 91, став (1), алинеја 13 од Уставот на Република Северна Македонија предлогот да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија на понатамошно разгледување и одлучување.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:05 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**